*На Кристина*

# ФОРМАЛНИ ОДНОСИ МЕЃУ ЗБОРОВИТЕ

# ХОМОНИМИЈА

**Хомонимија** (гр. *homós* – еднаков и *ónyma* – име). Во јазикот постојат зборови коишто случајно се совпаднале по формата, но немаат исто значење, односно различните значења не се произведени по пат на полисемија од еден збор. Во речниците вакви зборови се претставени под различни речнички статии, вообичаено со надреден број, односно нумерирани, на пр. *коса*[1] '1. сите влакна на главата на човекот. 2. што личи на коса: а) рескитe на врвот на кочанот од пченка. б) вид плевел со долги жолти нишки што личат на коса, вилина коса', *коса*[2] 'земјоделско орудие за косење трева направено во облик на долго свиено сечиво и прицврстено на долга дрвена дршка', и *коса*[3] 'планинска страна, дел од планински масив со рамна страна'. Зборовите коишто се исти по форма, односно по звучниот и буквениот состав, припаѓаат на иста зборовна група, а имаат различно значење се нарекуваат **хомоними**. Ваквото совпаѓање на зборови по формата се јавува во сите јазици и претставува универзална лексичко-семантичка појава наречена **хомонимија**.

Хомонимите може да бидат **лексички** и **лексичко-граматички**. Ваквата поделба се прави во случај кога хомонимите се разгледуваат во поширок контекст, односно кога се разгледуваат хомоними кои се совпаднале во различни граматички форми, на пр. *коси* како именка во множина и *коси* како глагол со значење 'сече трева'. Лексичките хомоними се различни зборови кои не се поврзани со асоцијативни врски, немаат заеднички семи и не припаѓаат на исто семантичко поле. Тие означуваат сосема различни поими.

Лексичките хомоними може да се подредуваат во **хомонимски парови** и **редови**, на пр. *град*[1] 'големо насе-

лено место кое претставува административен, културен и стопански центар на некоја област’, и *град*[2] ‘природна појава, смрзнати капки дожд’. Потоа, *граница*[1] ‘1. линија што разделува држави, области и сл.; меѓа. 2. (прен.) замислена линија што разделува појави, поими и сл. 3. (прен.) крајна точка до која може, смее да се стигне, да се дозволи нешто’, и *граница*[2] (бот.) ‘вид даб со глуждовито стебло и со желади што висат на долги дршки на гранките’. Пример за ред е претходно споменатиот пример *коса*, односно примери каде има повеќе од два хомонима, како и, на пр., *вила*[1] ‘орудие со два или повеќе краци, парошци за работа со сено, слама, гној и сл.’, *вила*[2] ‘убава раскошна куќа, обично надвор од градот, резиденција или наменета за одмор’, и *вила*[3] ‘женско митско суштество со неверојатна убавина, со натприродна моќ; самовила’.

Причини за појава на хомонимија може да има повеќе. Како резултат на развојот на јазикот, при распаѓање на полисемантичката структура на определен збор и изделување без понатамошна асоцијативна врска со зборот од кој потекнува се создава хомоним (**семантички хомоними**). Такви се на пр., *конец*[1] со значење ‘усукани нишки (две или неколку) со еднаква дебелина по целата должина од памук, волна, свила или вештачки материјал што се користи за плетење, шиење, ткаење’ и *конец*[2] како архаизам со значење ‘завршување на нешто; крај, смрт’, а кои потекнуваат од истиот индоевропски корен *ken-.

Хомоними настануваат и како резултат на фонетски промени во текот на развојот на јазикот (**етимолошки** или **историски хомоними**), како на пр., *мед*[1] што потекнува од медъ и значи ‘1. слатка, густа течност што ја произведуваат пчелите од сокот на цветовите. 2. сладок сок што потсетува на мед’, и *мед*[2] што потекнува од мѣдъ и означува ‘бакар’ (арх.).

Преку позајмување туѓи зборови кои гласовно се поклопуваат, како на пр., *лира*[1] ‘1. (муз.) жичен музички инструмент со три до осум жици. 2. (книж.) симбол во поетската уметност’, и *лира*[2] ‘1. парична единица во некои држави. 2. стара турска пара, златник’. Таков пример е и погоре спомнатиот *вила* како домашен збор и како позајмен (лат. villa).

Преку зборообразување се добиени следните хомоними: *настапи*[1] ‘стапне, згазне на нешто, нагази’, и *настапи*[2] ‘1. за време – дојде, започне. 2. се појави, стапи пред публика, во натпревар и сл. 3. стапи во напад, се спротивстави. 4. се создаде некаква состојба, се случи нешто’.

## *Видови хомоними*

Хомонимите можат да бидат **целосни** и **делумни**. Целосните се поклопуваат во сите граматички форми, како на пр. *клас*[1] *– класот, класови, класовите*; и *клас*[2] *– класот, класови, класовите*, додека делумните не се поклопуваат во сите граматички форми, како на пр. *саз*[1] има само еднинска форма со значење ‘(бот.) растение што живее на мочурливи места’, а *саз*[2] има множина *сазови* и значи ‘музички инструмент, вид лаута’; *рак*[1] *мн. ракови* и *раци* ‘1. (зоол.) вид водно животно, заштитено со раковина, со издолжени делови од телото – краци, живее во слатка и во солена вода. 2. а) соѕвездие во Зодијакот. б) зодијачки знак, воден хороскопски знак од 22 јуни до 21 јули во годината’, и *рак*[2] (само едн.) ‘општ назив за сите малигни тумори; карцином, канцер’ или *рок*[1] *мн. рокови* ‘1. ограничено, утврдено долго или пократко време, период во кој треба нешто да биде за-

вршено, да се направи, изврши и сл. 2. крајниот дел од некој период, дел од времето кога нешто достасува да се изврши, да се направи. 3. временски период, отсечка од времето’, и *рок*[2] и *рокенрол* (само едн.) ‘модерен брз танц главно за млади, што овозможува слободно движење на танчерите’.

Хомонимите можат да бидат **производни** и **непроизводни**. Производните образуваат хомоними преку деривација од иста или различна основа со хомонимни морфеми, како на пр., *боров*[1] – ‘што е од бор[1] (бот.) високо зимзелено иглолисно дрво, (боров мед)’ и *боров*[2] од *бор*[2] – ‘од хемискиот елемент бор, симбол В’, или *лебарка*[1] женски род од *лебар* (образувано од *леб*) ‘1. тој што пече и продава леб; сп. пекар. 2. (разг.) тој што јаде многу леб’, и *лебарка*[2] (зоол.) ‘вид црн крупен инсект што бега од светлина и излегува ноќе, а се храни со отпадоци од храна’.




**Табела 7: Видови хомоними**

## *Хомофони, хомографи, хомоформи*

Хомофоните, хомографите и хомоформите не се вистински хомоними.

**Хомофони** или фонетски хомоними се оние кои се изговараат исто, но се пишуваат различно, како на пр. *лаг – лак, смог – смок, сноб – сноп* и др.

**Хомографи** или графички хомоними се оние кои се пишуваат исто, но се изговараат различно, како на пр., *годинáва* и *годúнава*.

**Хомоформи** или граматички/морфолошки хомоними се оние кои се совпаѓаат само во определени граматички форми и тие не мора да припаѓаат на иста зборовна група, како на пр. *гради* како глагол и *гради* како именка, множина од *града*.

## *Полисемијата и хомонимијата*

Иако теоретски е лесно да се направи разлика помеѓу полисемијата и хомонимијата, во практиката, особено при лексикографската обработка на зборовите, многу често се наидува на несигурност, па така во различни речници некои зборови се подведени како повеќезначни, а некои се изделени во посебни речнички статии како хомоними. Кои се научните критериуми според кои би требало да се водиме за да ја направиме таа разлика? Во литературата се наведуваат следните критериуми: **јазично чувство**, кое не може да биде научен критериум поради големата субјективност, **етимолошки критериум**, односно да се утврди дали не-

кои хомоними имаат исто потекло, што повторно не е добар критериум зашто некогаш при историскиот развој на лексиката, од една основа можат да се развијат два одделни збора со многу оддалечени значења (некои лингвисти сметаат дека се хомоними само оние зборови што имаат различно потекло, но тоа понекогаш е навистина тешко да се утврди), **синтагматски критериум**, односно дали хомонимите се употребуваат во исти колокации, потоа **критериумот на превод**, односно дали се преведуваат со различни зборови на други јазици, што повторно не е добар критериум зашто често повеќезначните зборови во своите преносни значења на друг јазик се преведуваат со различни зборови, **синонимски критериум**, односно дали хомонимите имаат исти или различни синоними, што исто така не е прецизен зашто повеќезначните зборови развиваат синонимија во своите преносни значења различна од таа во основното, **антонимски критериум**, на иста основа како синонимскиот, **синтаксички**, **дистрибутивен** итн.

Како попрецизни критериуми може да се наведат **семантичкиот** и **зборообразувачкиот критериум.** Според семантичкиот критериум, се споредуваат значењата на даден збор или зборови и се утврдува дали меѓу нив постои или не постои заедничка сема. Доколку постои, се работи за повеќезначност, а доколку не постои, за хомонимија. Со зборообразувачкиот критериум се споредуваат дериваციските гнезда. Доколку имаат исто деривациско гнездо, тогаш се работи за повеќезначност, а доколку немаат, за хомонимија. Секако, и со овие критериуми не секогаш е лесно да се утврди дали се работи за хомонимија или повеќезначност во лексикографската практика, па затоа понекогаш може да се комбинираат повеќе критериуми кои сами за себе не даваат целосна прецизност, но со нивна комбинација би можело да се има повеќе успех, зависно од конкретниот случај.